**Г Р А Д   С К О П Ј Е**

ПРЕДЛАГАЧ: **Градоначалник на Град Скопје**

ИЗГОТВУВАЧ: **Сектор за сообраќај**

ПРЕТСТАВНИК: **Секретар на Град Скопје**

ПОВЕРЕНИК: **Раководител на Сектор за сообраќај по овластување од Градоначалник**

# П Р Е Д Л О Г - О Д Л У К А
**за давање на дозвола за вршење на дејност паркирање на Друштво за деловни услуги и трговија „СИТИ ПЛАЗА ДОО“ Скопје**

Скопје,април 2024 година

**П Р Е Д Л О Г**

Врз основа на член 36 став 1 точка 8 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02) и член 4 став 3 од Одлуката за јавните паркиралишта од значење за градот Скопје („Службен гласник на Град Скопје" бр.17/08, 04/18 и 08/18), Советот на Град Скопје, на ____________________седница, одржана на ___ _________ 2024 година, донесе

# О Д Л У К А
## за давање на дозвола за вршење на дејност паркирање на Друштво за деловни услуги и трговија „СИТИ ПЛАЗА ДОО“ Скопје

**Член 1**

(1) Се дава дозвола за вршење на дејност паркирање (во понатамошниот текст ***Дозвола***), како **дејност** од јавен интерес од локално значење за градот Скопје, на:

**Друштво за деловни услуги и трговија СИТИ ПЛАЗА ДОО Скопје**, со седиште на ул.„Гане Тодоровски” бр.32 – 1 кат 3/44 Центар – Скопје, ЕМБС 6046584 (во понатамошниот текст: организатор на паркирањето).

(2) Организаторот на паркирањето ќе ја врши дејноста паркирање на јавното паркиралиште објект - трговски центар ТЦ КАПИТОЛ на ГП 1.27, КП 843/7, КО Кисела Вода 2, Општина Аеродром - Скопје, со колски пристап од станбена улица „Јане Сандански”.

**Член 2**

Односите помеѓу Градот Скопје и организаторот на паркирањето во врска со користењето, одржувањето и стопанисувањето со паркиралиштето се уредуваат со договор.

**Член 3**

(1) Организаторот на паркирањето е должен да ја организира и врши дејноста паркирање во согласност со важечката законска регулатива, стандарди и нормативи кои се однесуваат на оваа дејност и Одлуката за јавните паркиралишта од значење за градот Скопје („Службен гласник на Град Скопје" бр.17/08, 04/18 и 08/18).

(2) Организаторот на паркирањето е должен дејноста да ја врши континуирано, квалитетно и ефикасно, за што е должен да обезбеди соодветни технички, материјални и кадровски услови.

**Член 4**

Дозволата се дава за период од 10 (десет) години, почнувајќи од денот утврден во договорот од член 2 на оваа Одлука.

**Член 5**

За давање на дозволата за вршење на дејноста паркирање, организаторот на паркирањето е должен да плати надоместок во висина која ќе биде утврдена во договорот.

**Член 6**

Организаторот на паркирањето не може да ја пренесува дозволата на друго лице.

**Член 7**

Дозволата може да се одземе, односно да престане да важи во случаите согласно Одлуката за јавните паркиралишта од значење за градот Скопје.

**Член 8**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје“, а ќе се применува по потпишувањето на договорот од член 2 на оваа Одлука.

Број __ – _______
__ 2024 година

С О В Е Т Н А Г Р А Д С К О П Ј Е
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Трајко Славески

**О б р а з л о ж е н и е**

Правен основ за донесување на оваа Одлука е член 36, став 1 точка 8 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02) согласно која Советот на Град Скопје има надлежност да одлучува за давање на дозвола за вршење дејност од јавен интерес од локално значење и член 4 став 3 од Одлуката за јавните паркиралишта од значење за градот Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр. 17/08, 04/18 и 08/18).

Правниот субјект  Друштво за деловни услуги и трговија „СИТИ ПЛАЗА ДОО" Скопје, достави Барање за издавање на дозвола за вршење на дејност паркирање на јавно паркиралиште објект - трговски центар - ТЦ КАПИТОЛ на ГП 1.27, КП 843/7, КО Кисела Вода 2, во Општина Аеродром - Скопје, со колски пристап од станбена улица „Јане Сандански".

Согласно на член 4 став 3 од Одлуката за јавните паркиралишта од значење за градот Скопје („Службен гласник на Град Скопје" бр.17/08, 04/18 и 08/18), паркиралиштата што не се јавни може да се користат и стопанисуваат во комерцијални цели при што субјектот што ги дава услугите на паркирањето мора да има дозвола од Град Скопје за вршење дејност паркирање.

Со увид на доставената документација од страна на субјектот – барател констатирано е дека се исполнети пропишаните услови за отпочнување на постапка за издавање на дозвола за вршење на дејност паркирање и последователно склучување на Договор помеѓу Градот Скопје и правниот субјект Друштво за деловни услуги и трговија „ СИТИ ПЛАЗА ДОО" Скопје.

Со предложената одлука Советот на Град Скопје дава согласност за склучување на договор, со кој ќе се реализира дадената законска можност со цел да се подобри финансирањето на Градот Скопје, како посебна единица на локалната самоуправа.
Врз основа на погоре,се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената Одлука за давање на дозвола за вршење на дејност  паркирање на Друштво за деловни услуги и трговија „СИТИ ПЛАЗА ДОО" Скопје.